**Здружение на судии**
**на Република Македонија**
**Бр.** 0401-33/18
16.02.2018 **год.**
С К О П Ј Е

Врз основа на чл. 22, ал.16 и чл.30 од Статутот на Здружението на судиите на Република Македонија и т.9.3 од Кодексот за судиска етика на судиите во Република Македонија, Управниот одбор на седница одржана на ден 25.01.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## За избор на членови на Советодавно тело за судиска етика на Здружението на судиите на Република Македонија

За членови на Советодавно тело за судиска етика на Здружението на судиите на Република Македонија, се избираат:

1. Д-р Џемали Саити – претседател (по функција), судија во Врховен суд на Република Македонија
2. Весна Стрезовска – член, судија во Основен суд скопје 2 Скопје
3. Данка Ристова – член, судија во Апелационен суд Штип
4. Петре Србиновски – член, судија во Апелационен суд Битола
5. Василка Маринковиќ – член, судија во Основен суд Тетово
6. Лулзим Салиу – член, судија во Управен суд

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Македонија согласно своите надлежности, кои произлегуваат од Статутот на Здружението на судиите на Република Македонија и Кодексот за судиска етика на судиите во Република Македонија, востановува, односно избра членови на Советодавното тело за судиска етика по претходно добиени предлози од страна на подружниците на Здружението на судиите на Република Македонија, а согласно постапката предвидена со Кодексот за судиска етика и Измените на Кодексот за судиска етика од 20.05.2016 година.

Советодавното тело треба да се грижи за доследна примена на принципите на Кодексот за судиска етика, дефинирани во Кодексот во постапка и на начин предвидени во точка 9 од Кодексот и Глава X од Статутот на Здружението на судиите на Република Македонија.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Здружение на судиите на Република Македонија**

**25.01.2018, Скопје**

**Претседател**

**Д-р Џемали Саити**